**Врз основа на член 135 став 1 алинеа 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.12/06), член 7 став 1 од Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на Годишна награда и одбележување на други празници („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр. 6/06), член 4 од Одлуката за измени и дополнување на Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на Годишна награда и одбележување на други празници („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр. 7/12), Комисијата за култура, спорт, млади, признанија и награди на Советот на Општина Ѓорче Петров, распишува**

# К О Н К У Р С

**за доделување на Годишна награда „Ѓорче Петров" во 2022 година**

1. **Наградата „Ѓорче Петров" на Општина Ѓорче Петров во 2022 година се доделува на физички и правни лица од Општина Ѓорче Петров, како знак на општествено признание за особени остварувања во стопанството, науката, уметноста, културата, спортот, воспитанието и образованието, заштитата и унапредувањето на животната средина и природата, како и во други области на трудот и творештвото од значење за развојот на Општината и нејзината афирмација во Република Македонија и во светот.**
2. **На ученици и студенти наградата се доделува за творечки труд или континуирани успешни резултати во наставните и воннаставните активности.**
3. **Наградата се доделува за остварување во изминатиот период од една година до објавувањето на конкурсот, како и за подолг изминат период на работно и творечко ангажирање.**
4. **За поединци, група творци, ученици и студенти наградата се состои од признание, плакета и паричен износ.**
5. **Наградата за правни лица се состои од признание и плакета.**
6. **Право на предлагање кандидати за награда имаат правни и физички лица со седиште, односно живеалиште на подрачјето на Општина Ѓорче Петров.**
7. **Предлогот за награда треба да биде детално образложен, а за кандидатите поединци да содржи и биографија.**
8. **Кон предлогот за доделување на награда за печатени дела се приложуваат и два (2) примерока од делото.**
9. **Конкурсот трае 15 дена од објавувањето, заклучно со 31.08.2022 година.**

**Предлагачот да ги наведе својот полн назив, адреса и телефон.**

**Предлозите се поднесуваат во два примероци до Комисијата за награди и признанија на Советот на Општина Ѓорче Петров, ул.„Ѓорче Петров" бр.73 - Скопје.**

Број 0816-1545/3 од Комисијата за култура, спорт, млади

15.08.2022 година признанија и награди

Скопје на општина Ѓорче Петров